**БАРАЊЕ И ОДГОВОР 23-4523**

1. Дали општината го има донесено предлог-планот на програми за развој за фискалната 2023 година во законскиот рок?-Наведете на кој датум е донесен предлог-планот на програми за развој за фискалната 2023
   - Да, донесен е Заклучок за одобрување на План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година бр.08-7000/1 од 15.11.2022 година, објавен во Сл.Гласник бр.24 од 16.11.2022 година. https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/SLUZBEN-GLASNIK-24-1.pdf

2. Дали општината го има предлог-буџет на општината за 2023 година (доставен до Советот на општината)? Наведете на кој датум е донесен истиот и линк до објавата.
   - Согласно член 149 од Статутот на Општина Кавадарци,
     предлог-буџет се доставува до советниците на Општина Кавадарци на разгледување и тоа 20 (дваесет) дена пред негово донесување. Советот на Општина Кавадарци на 21-та седницата одржана на ден 22.12.2022 година донесува буџет на Општина Кавадарци за 2023 година.
     Објавен е на веб страната на Општина Кавадарци во делот финансии на следниот линк
     https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/budzet-2023.pdf

3. Дали општината во 2022 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог-буџетот за 2023?-Наведете ги линковите или документите кои докажуваат дека општината организирала јавна трибина за предлог-буџетот за 2023 година?
   - Да, објавени се средбите и јавните расправи на Градоначалникот и службите на општината со граѓаните во месни и урбани заедници со цел прибирање на предлози од граѓаните, како дел од постапка за донесување на буџетот и тоа на социјалните мрежи на следниот линк
   - https://www.facebook.com/MitkoJanchev/
   - https://www.facebook.com/opshtinakavadarci/?locale=mk_MK

4. Дали општината користела социјални мрежи/ веб страна за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2023 година ? Наведете ги линковите
   - Да, преку средбите и јавните расправи на Градоначалникот и службите на општината со граѓаните во месни и урбани заедници со цел прибирање на предлози од граѓаните, на следниот линк
     https://www.facebook.com/MitkoJanchev/
     https://www.facebook.com/opshtinakavadarci/?locale=mk_MK

5. Дали општината во 2022 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог буџетот за 2023 година?-Наведете ги линковите
   - https://www.facebook.com/MitkoJanchev/
   - https://www.facebook.com/opshtinakavadarci/?locale=mk_MK
6. Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) од предлог буџетот за 2023 година? Ако да, наведете го датумот на спроведување на анкетата и бројот на опфатени испитаници.
   - Нема спроведено анкети за 2023 година

7. Дали општината има пропишана процедура за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на Буџетот? -Ако да, наведете линк на кој истата може да се најде.
    - Општината има пропишано статутарна одлука бр.07-833/5 од 02.03.2010 година, врз основа на која граѓаните земаат јавно учество во единиците на локалната самоуправа, но посебна пропишана одлука за вклучување во процес на планирање на буџет нема. Во прилог Статутарна Одлука во PDF формат.

8. Дали општината во 2022 година организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2023 година? Ако да, наведете објава од средбата/ите.
    - Не се организирани средби.

9. Дали буџетот на општината за 2023 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/ни група/и ?
    - Да, програма од областа на социјалната заштита за 2023 година , која се финансира од буџетот за 2023 година.

10. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2023 година година?
    - Да, во програмата на Комисија за еднакви можности на Општина Кавадарци за 2023 година.

11. Дали општината ги има објавено извештаите за квартално извршување на буџетот на општината за 2023 година? -Наведете линк и најмалку 3 датуми за истите
    - Да, на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/finansii/kvartalen-izvestaj-2023 се објавени квартални извештаи и тоа за период од 01.01-31.12.2023 и за период од 01.01-30.09.2023

    - https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/izvestai/240221-kvartalen-izvestaj-01.01-31.12.2023.pdf
    - https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/3-ti-kvartal.pdf

12. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2023 година? Ако да, во прилог ставете го линкот од известувањето за настанот
    - Не, не се организирала јавна трибина за завршна сметка

13. Дали, според завршната сметка за 2023 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи?
    - Според завршната сметка реализирани се планираните финансиските средства за социјално загрозени групи граѓани, линк до завршна сметка за 2023 година и годишен извештај за 2023 година https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/izvestai/240325-godisen-izvestaj-2023.pdf https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/240325-obrazlozenie-godisna-smetka-2023.pdf

Прилог: Статутарна Одлука бр.07-833/5 од 02.03.2010 година